РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2189/1
18-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на повеќе пријави поднесени од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 21 -та седница одржана на ден 15.08.2025 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр.09-9392 оформен по поднесени пријава бр.09-810/1 од 26.02.2019, бр.09-9392/1 од 29.11.2022 и бр.09-4785 од 04.10.2023 година против проф. д-р -------, ректор на Универзитетот ------------, СЕ ЗАПИРА.

По повторна проверка на фактичката состојба, ДКСК не констатира повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за натамошно постапување.

Со донесување на оваа одлука постапката за порамнување поведена против службеното лице не произведува правно дејство.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава бр.09-810/1 од 26.02.2019 година, поднесена против проф. д-р -------, проректор за финансии, инвестиции и развој, констатира дека именуваната истовремено ја извршува функцијата член на Надзорен одбор на Трговското друштво ---------, во Трговското друштво -------, како и во Надзорен одбор на --------- заради што постои неспоивост на функции.

Врз основа на вака утврдена фактичка состојба, ДКСК до именуваната достави Известување со барање за постапување бр.09-810/9 од 03.09.2019 година, кое по заведен управен спор, беше поништено од Управниот суд со пресуда УРП.бр.40/2019 од 04.02.2020 година. Пресудата е правосилна и согласно пресудата, надлежниот орган е должен да донесе друг акт и притоа е врзан со правното мислење на судот и треба да ги има предвид забелешките на судот во однос на постапката.

Во текот на постапката, до ДКСК доставена е Пријава бр.09-9392/1 од 29.11.2022 година од непознат подносител, во која се наведуваат истите околности кои укажуваат на сомневање дека именуваната врши повеќе функции кои се неспоиви со функциите кои ги врши. Исто така, до ДКСК против именуваната доставена е пријава со слични наводи бр.09-4785 од 04.10.2023 и

дополнување на оваа пријава на ден 12.10.2023 година и по сите овие пријави ќе се постапува во предметот бр.09-9392.

Имено, постапувајќи по горенаведените пријави, ДКСК ги зема предвид забелешките на Судот дадени во пресудата УРП.бр.40/2019 од 04.02.2020 година. Така, по наоѓање на Судот, има пропусти во постапката бидејќи не е применет Законот за општата управна постапка, како и дека проректорот според судот не е избрано, именувано лице со овластување пренесено од страна на државната или локалната власт, туку овластување црпи од ректорот, сенатот, а не од државната или локалната власт. Исто така, смета дека не му мирува работното место, туку и понатаму ги извршува работните должности и според Законот за високото образование, проректорот е советник на ректорот, а избраните и именувани лице се децидно наведени во член 2 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор, а тоа се лицата кои се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт.

Понатаму се наведува дека согласно Законот за високото образование член 97 став (15)„Универзитетот има еден или повеќе проректори кои се избираат од редот на професорите од единиците на универзитетот.Проректорите се избираат на предлог на ректорот, на начин и по постапка утврдена со статутот на универзитетот„ а согласно став (16) „Вршењето на должноста ректор и проректор е неспојливо со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.„ Исто така, со овој член е пропишано дека ректорот е раководно лице, а проректорот постапува само доколку има овластување од ректорот.

Согласно член 102 од Законот за високо образование ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на високите стручни школи, директорите на акредитираните научни установи и претставници на студентите.

Со Статутот на ------- во член 201 е уредено дека проректорите се избираат од редот на професорите од единиците на Универзитетот, по предлог на ректорите, а ги избира и разрешува Ректорската управа со тајно гласање. Согласно автономијата на универзитетите ректор, проректор, декан и продекан, се избираат на начин утврден со Статутот и од редот на вработените.

Исто така, Судот наведува забелешки и во врска со констатираната состојба за неспоивост на функции од страна на ДКСК заради членството на именуваната во надзорни органи, за што ДКСК утврдил дека ваквата состојба е во спротивност со член 44 став 1 и 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Така, Судот наведува дека според членовите 231, 244, 245 и 380 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Макдонија„ бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, и 120/2018) јасно произлегува дека органите на управување и одборите на надзор во ДОО и АД„ се два различни органи, со различни надлежности, односно надзорниот одбор врши надзор над работењето на управителот, односно на работењето на управниот одбор на друштвото. Понатаму, Судот наведува дека според член 380 став (1) Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши

управниот одбор став (3) На надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања, во врска со управувањето на друштвото, освен ако со закон поинаку не е определено. Според член 375 став (1) од истиот Закон, Управниот одбор управува со друштвото. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со друштвото.

Понатаму, Судот наведува дека според член 89 (1) од Законот за банките („Службен весник на РМ, бр.67/07...101/19) Надзорниот одбор врши надзор над работењето на управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување. Што се однесува до членството на ------- во Надзорниот одбор на -----, судот наведува дека не е земен предвид фактот дека се работи за приватна странска банка која нема државен капитал односно се работи за приватна странска банка.

Имајќи ги предвид сите забелешки на Судот во донесената пресуда, ДКСК ја разгледа и анализираше обезбедената документација, по што ги ценеше сите докази одвоено и заедно.

Врз основа на обезбедената документација се констатира дека со Одлука бр.02-1130/1-1 од 17.12.2018 година донесена од Ректорската управа, -------- редовен професор на ------ во Скопје, избрана е за проректор на Комисијата за финансии, инвестиции и развој.

Со одлука на Универзитетскиот сенат и Изјава за основање бр.02-921/26 од 05.12.2017 година, Универзитетот -------- го основал Трговското друштво -----------а со Одлука бр.02-537/61 од 27.04.2018 година и Одлука бр.02-581/18 од 28.04.2022 година на Универзитетскиот сенат, проф. д-р --------- е именувана за член на Надзорниот одбор. Ова правно лице е основано согласно член 87 од Законот за иновациска дејност, додека пак во член 14 од Изјавата за основање бр.02-921/26 од 05.12.2017 година, е определено дека надзорниот одбор е составен од три члена, а членовите се именувани од страна на Универзитетскиот сенат.

Во врска со Трговското друштво за обуки ---------, се констатира дека е основано со Договор за основање на Друштво со ограничена одговорност бр.02-72/1 од 10.01.2019 година склучен помеѓу Универзитетот ---------- и Универзитет -----------, а согласно член 19 став 3 од Договорот, членови на Надзорниот одбор се проректорите за финансии на УКИМ и УКЛО и 1 член кој го именува ректорот на -----. Мандатот на членовите проректори за финансии трае 4 години, само доколку во траењето на мандатот ја извршуваат функцијата проректор. Оттука, по службена должност проф. д-р --------- е избрана за член на Надзорниот одбор, а според одговорот доставен од ректорот на ---------, за оваа должност не прима надоместок.

Од Историјат на промени издаден од Централен регистар на РСМ, се констатира дека Трговското друштво ---------- е избришан субјект со упис на бришење 16.02.2022 година.

ДКСК констатира дека согласно Законот за високото образование:

Член 2 став (1) точка 1.

„Автономија на универзитет и на другите високообразовни установи„ опфаќа академска слобода, самостојно одлучување и управување и неповредливост на универзитетскиот простор.„

Член 10 Финансиска автономија

(1) „Јавните високообразовните установи самостојно располагаат со средствата добиени од партиципација од студентите и/или школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи.

(4) Високообразовните установи можат да формираат фондови и да основаат други форми на организирање од сопствени приходи, од донации и други извори заради вршење на научно-истражувачка, уметничка, издавачка и применувачка дејност.„

Член 87 Основање на друга организација

(1) Универзитетот, единицата на универзитетот односно самостојната висока стручна школа, може под услови утврдени со закон и со статут заради пренос на правата од интелектуална сопственост коишто произлегуваат од нејзината дејност, а особено од научно-истражувачка работа и создавање авторски дела.....самостојно или со друг сооснoвач да основа трговско друштво или установа под условите утврдени со закон и статутот.„

(3) Добивката на трговското друштво кој и припаѓа на високообразовната установа по основ на влогот, односно приходот на установата од ставот (1) на овој член може да се користи исклучиво за унапредување на дејноста на високообразовната установа која учествувала во нејзиното создавање.„

Согласно наведените одредби, како и Законот за трговските друштва и Законот за иновациска дејност основани се ТД Центар за -------- и Трговско друштво за -----------.
Согласно Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015, 6/2016 и 61/2016), во член 170 став (1) пропишано е дека друштвото со ограничена одговорност се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи во писмена форма или во електронска форма, а согласно став (2) ако друштвото го основа едно лице договорот за друштвото се заменува со изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност .
Основачот на ТД Центар за ---------, со Изјавата за основање определил дека членовите на надзорниот орган ги именува Универзитетскиот сенат, што пак е согласно член 246 став (2) од Законот за трговските друштва.

Од увид во Историјат на субјектот издаден од Централен регистар на РСМ, се констатира дека кај видот на сопственост се наведува „приватна сопственост„. Во оваа насока се ценеше финансиската автономија која на високообразовните установи им е дадена со Законот за високото образование. Основач на правниот субјект е јавна установа, но користејќи ја финансиската автономија, овие установи самостојно располагаат со средствата добиени од партиципација од студентите, школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи. На Високообразовните установи со закон им е дадена можноста да основаат трговско друштво, но овие правни лица не се формирани за вршење на некоја јавна дејност, туку за работи кои

произлегуваат од дејноста на установата, а приходот може да се користи согласно закон. Во врска со видот на сопственост, ДКСК сметаше дека е потребно да побара појаснување од Централниот регистар на РСМ, по што добиен е одговор дека е извршена корекција во видот на сопственост и наместо „приватна„ сопственоста е „државна„.

По ова ДКСК констатира дека именуваната сторила повреда на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси за неспоивост на функции и издаде прекршочен платен налог бидејќи службеното лице во периодот од 28.04.2022 до 01.09.2023 година истовремено е:

- Проректор за финансии, инвестиции и развој избрана со Одлука бр.02-756/9-4 од 22.09.2020 година на УКИМ до 16.09.2023 година, од кога започнува да ја извршува функцијата ректор на Универзитетот --------- согласно Одлука бр.02-645/37 од 30.05.2023 година на Универзитетската изборна комисија,
- член на Надзорен одбор во ---------- избрана со Одлука бр.02-581/18 од 28.04.2022 година на Универзитетскиот сенат, до 01.09.2023 година кога до Директорот на ------------ има поднесено Оставка бр.02-56/1 од 01.09.2023 година од членството во Надзорниот одбор.

Прекршочниот платен налог уредно е примен од страна на службеното лице ------ и не е платен.

Понатаму, од доставената документација се констатира дека проф.д-р -------- е член на Надзорен одбор.

Согласно член 3 став (1) од Законот за трговските друштва

точка 34) „Орган на управување„ е органот во акционерското друштво кому му е доверено управувањето на друштвото како на одбор на директори во едностепениот систем на управување, на управен одбор или на управител во двостепениот систем на управување, односно на управител, односно управители или органот во којшто тие се организирани во командитно друштво, во командитно друштво со акции и во друштво со ограничена одговорност.

Точка 35) „Орган на надзор„ е органот во друштвото со ограничена одговорност, односно во акционерското друштво (надзорен одбор или контролор) чии овластувања се поврзани со надзорот над работењето на друштвото, а особено на работата на органите на управување.„

Од горенаведеното, ДКСК констатира дека утврдената фактичка состојба која се однесува на функциите што ги извршува --------, не е во спротивност со наведените одредби, бидејќи трговските друштва се основани согласно Законот за трговските друштва, кој пропишува дека изборот на надзорниот одбор е право на основачот. Во овој случај Универзитетот е основач, а -------- како вработена на Универзитетот е член на Надзорниот одбор по службена должност. Согласно Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор е орган на надзор, а не орган на управување, на што укажува и Судот во донесената пресуда. Исто така, според добиениот одговор од ректорот, ------------ за ова членување не прима паричен надоместок.

Во врска со нејзиното членување во Надзорниот одбор на --------, Судот во пресудата наведува дека оваа банка нема државен капитал, а државата преку сертификатот што го издава Народната банка, врши контрола за тоа кој може да биде член. Притоа се повикува на членовите 231, 244, 245 и 380 од Законот за трговските друштва од кои јасно произлегува дека орган на управување и одбор на надзор се два различни органи, со различни надлежности, односно надзорниот одбор врши надзор над работењето на управителот, односно на управниот одбор.
Согласно Законот за банките ОРГАНИ НА БАНКА И УПРАВУВАЊЕ НА БАНКА
-член 82 став (1) „Органи на банка се собрание, надзорен одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија, управен одбор и други органи утврдени со статут (кредитен одбор и слично)„
-член 89 (1) „Надзорниот одбор врши надзор на работењето на управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.„

Имајќи ги предвид забелешките на Судот, како и цитираните законски одредби, ДКСК констатира дека именуваната е член на Надзорен одбор во ---------, како правно лице што остварува профит, а не е член на управен одбор, ниту пак на друг орган за управување како што јасно и децидно е пропишано со цитираниот член од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Исто така, ДКСК констатира дека проф. д-р -------- е избрана за ректор на Универзитетот ------- во период од 16 септември 2023 до 16 септември 2026 година, што е утврдено со Одлука бр.02-645/37 од 30.05.2023 година, од страна на Универзитетската изборна комисија, заради што именуваната на ден 01.09.2023 година има поднесено оставка од членството во Надзорниот одбор на -------, а во однос на Трговското друштво за ------, се констатира дека е избришан субјект во Централниот регистар на РСМ.

Во врска со наводите дека службеното лице е член на Управен одбор на Друштво за трговија и производство ------, од обезбедениот одговор и докази се констатира дека овој правен субјект е основан на 26.12.2001 година и управител/содружник е ------, а ------ и -------- се содружници, додека пак проф-д-р ------- не е член на Одбор на директори, ниту пак е вклучена во управувањето на друштвото.
---------- на ден 02.06.2021 година ја основал Фондацијата ------- како невладина организација со цел да организира програми за развој на вештини од областа на менаџментот и технички вештини од областа на прехранбената индустрија за вработените во компанијата и за сите заинтересирани. Според доставениот одговор, службеното лице --------, не е член на Одборот на директори, туку предавач на тренинг програмата „Академија за извршни директори„ врз основа на склучен Договор со Фондација -------.
Имено, согласно член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.„

ДКСК констатира дека приходите на ---------- кои ги остварува како предавач на тренинг програмата преку Фондацијата -----------, се во согласност со погоре цитираниот член, заради што нема повреда на законските одредби.

Со Одлука бр.02-645/37 од 30.05.2023 година, Универзитетската изборна комисија утврдува дека ------- е избрана за ректор на Универзитетот --------- во период од 16 септември 2023 до 16 септември 2026 година.

По повторно разгледување на забелешките на Судот во пресудата и дадените насоки, како и документацијата доставена по барање на ДКСК и обезбедена по службена должност, ДКСК констатира дека службеното лице ---------- нема извршено повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што издадениот Прекршочен платен налог со бр. 09-219/4 од 24.01.2024 година не произведува правно дејство.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија на одржаната 21-ва седница одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З- раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р -член на ДКСК